ПАТРИМОНИУМ.МК, година 18, број 23 / 2025
УДК 904:711.42(497.774)“652“

Јовица ГРОЗДАНОВСКИ
независен истражувач

КОЈА АНТИЧКА НАСЕЛБА СЕ РАЗОТКРИВА НА ГРАДИШТЕ, ЦРНОБУКИ?

Клучни зборови: *Градиште над Црнобуки, Линк, Хераклеја Линкестидска, Персеида, Бева, Антанија, Сарнунт, Кидри*.

Апстракт: *Локалитетот Градиште, Црнобуки постепено се ископува, но сѐ уште не е јасно која античка населба се наоѓала таму. Овде само се разгледуваат можностите во очекување на понатамошни археолошки откритија, вклучувајќи епиграфски споменици. Се надевам дека статијава ќе се покаже како корисна филолошка поддршка за археолозите.*

Нема апсолутно никаков доказ за постоење на градска агломерација (полис) некаде во горномакедонската област Линк(ос) пред нејзината анексија во времето на Филип II Македонски,[1] но тоа не значи дека археолозите нема никогаш да откријат таква. Наративните извори се оскудни, па изненадувања се секогаш можни. Најраното сведоштво е кај Тукидид, вистинскиот татко на историјата, кој во описот на воените дејства во 424/3 г. ст. е. (Пелопонеска војна) спомнува само села.[2] Хераклеја крај/кон/во Линк (или евентуално „Линкестидска“ или „Линкестика“, а никако „Линкестис“!)[3] се препознаваше кај Стефан Бисантски, имено „Хераклеја Македонска“,

[1] *Diodori Bibliotheca Historica*, 10-1 (16.4.3-10), 15 (16.4.8.1); *LexAM*, s. v. „Lynkestis“, (318-20, S. Müller).

[2] *Thvcydidis Historiae*, 210 (4.124.4.4).

[3] Веројатно бил Германец оној кој за првпат ја нарекол нашата Хераклеја „Линкестида“ или „Линкеста“ (Λυγκηστίς) наместо „Линкестидска“ (Λυγκηστίδος). Не е веројатно дека се повел по “Lyncestis aqua” на Плиниј Постариот. Види: Katičić, 1962, 126; *C. Plini Secvndi Natvralis Historiae Libri XXXVII*, 219 (2.230.8). Во енциклопедијата на антиката “Der Neue Pauly” е исправена грешката од нејзината претходничка (“Paulys Realencyclopädie der classischen Altertumswissenschaft”), но во англискиот превод (“Brill’s New Pauly”) е вратена. Во меѓувремената скратена верзија (“Der Kleine Pauly”) беше направен компромис, имено „Линку“ и потоа „Линкестис“ во заграда. Види: *RE*, vol. 8, col. 429 (Oberhummer) и vol. 14, coll. 663-4 (Geyer); *KlP*, vol. 2, col. 1034; *DNP*, vol. 5, 364 col. 2 до 365 col. 1; *BNP*, vol. 6, coll. 150-1. Во двата современи атласи на античкиот свет градот е обележан како „Хераклеја“ (*BAGRW*, карта 49: „Илирик“), односно „Хераклеја Линку“ и „Хераклеја“ (*DNP Suppl. 3*, 105, 151, 169, 196). Слично на филологот Н. Вулиќ (освен во археолошката карта!), ископувачот на Хераклеја во доцните 30-ти години на минатиот век, археологот Миодраг Грбиќ, користи „Линкестис“ во обете свои статии, а под тој назив се покриени ископувањата во таа деценија и во дневниот печат. Види: Вулић, 1926, 23; Vulić, 1937 (Heraclea); Грбић, 1939, 231-5; Grbić, 1940, 180-1. Во српскиот и југословенскиот печат: „Битољ - Монастир“, Србобран, бр. 371, 17.11.1916, стр. 3 (Линценстис!); „Хераклеја Лункестис Филипа Македонског: археолошка ископавања крај Битоља“, Правда, бр. 10748, 05.10.1934, стр. 6; „Музеј Кнеза Павла и Битољска општина откопавају античку варош Хераклеју“, Време, бр. 5583, 03.08.1937, стр. 9; „Археолошки радови Музеја Кнеза Павла: У Хераклеји код Битоља откривени су дивни антички мозаици и важни предмети илириског накита и оружја“, Време, бр. 5669, 28.10.1937, стр. 5; Чакулески, Голуб, „Убрзаће се ископавање античког града код Битоља“, Борба, бр. 234, 05.10.1959, стр. 5. Наводно М. Д. Петрушевски им сугерирал на колеги да не ја употребуваат вештачката конвенција „Линкестис“, но очигледно самиот немал проблем со неа во младоста. Види: Илиевски, 1985, 332 (предавање од 1937/8 учебна година, како суплент во битолската гимназија, пред да се вработи на Универзитетот во Белград). Проф. Петар Лисичар градот го именувал како „Хераклеа Линкестидска“, но го сметал за главен град на илирските Линкести. Види: Лисичар, 1954, 597. Во *TIR K 34*, Борка Драгојевиќ-Јосифовска допуштила само „Хераклеја на Линкестите“ и „(Хераклеа) Линки“, слично како Јарослав и Ана Шашел (*ILJug. I*, *II* и *III*, освен во првото, каде веројат-

Сл. 1 - Топографско распознавање на дел од текот на р. Црна (древен Еригон) и на местоположбата на градот Стоби во Пелагонија (Heuzey, L., Daumet, H., *Mission archéologique de Macédoine*, Planches, Paris, 1876; дигитализат на: Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - София)

основана од „Аминта Филипов“, но тука обично се претпоставуваше грешка и се правеше замена за да се добие навидум пологичното „Филип Аминтов“, односно Филип II.[4] Во поново време се покажа неопходно да се ретерира од оваа емендација и да се допушти дека основач на овој град бил мистериозниот Аминта Филипов, Аргеад и внук од брат на Пердика II, кој го придружувал тракискиот владетел Ситалк во походот на Долна Македонија (429 г. ст. е.), но не се одржал на тронот и повеќе не се спомнува во изворите.[5] Без разлика кој бил основачот, не може да се тврди дека тука станува збор за Хераклеја во Линкестида. Поверојатно е дека општата одредница „Македонска“, никогаш неупотребена за Хераклеја Линкестика и Хераклеја Синтика во изворите, се однесува на Хераклеја во Мигдонија (Мигдоника).[6] Ако е така, нашата Хераклеја воопшто не била спомната кај Стефан, а Хераклеја Синтика можеби како „Синтија“.[7] Во секој случај, Хераклеја крај/кон/во Линк била основана во Горна Македонија по долномакедонски налог, од династијата на Аргеадите, чиј митски предок бил полубогот Херакле.[8] Веројатно била зачната како воен логор во насока на постојаната илирска закана,[9] со положба на внатрешната страна на најисточните падини од Баба Планина (Суа Гора), односно Неолица, каде се развила како стратешка раскрсница на Виа Егнатија. Местото секако било со поволни природни услови и безбедно.[10] Долината на р. Драгор, каде од Средниот век до денеска се простира Битола, најверојатно била избегнувана заради мочурливоста и болестите (маларија и тифус) што ги генерирала.[11] Прашање е дали воопшто имало раздвиженост меѓу Хераклеја и долината на р. Драгор, оти дури и на крајот на 19. век просторот меѓу Тумбеки и османлискиот воен комплекс, т. е. јужниот влез во Битола, бил исполнет со бари штетни по човечкото здравје.[12]

Хронолошки наспроти овој најстар забележан линкестидски град се наоѓа Персеида, именувана според Персеј, постариот син на основачот, претпоследниот македонски басилеј Филип V. Била подигната во соседната област Дериоп, барем според единствениот извор Тит Ливиј, но морам да ја обра-

---

но по инерција е употребено „Хераклеа Линкестис“). Бранденбуршката академија сепак остана верна на своите традиции (*IG* X 2, 2, 1), иако уредничката Ф. Папазоглу уште во 1954 година беше укажала на грешката на Оберхумер, а во својата специјална студија за овој град беше употребила „Хераклеја Линкестидска“, односно “Héraclée des Lyncestes”. Види: Папазоглу, 1954, 309; Eadem, 1961. Не можам тука да ги вклучам поновите генерации, но јасно е дека „Херакле(ј)а Линкестис“ доминира во земјава. За доаѓањето на Линкестите и за Хераклеја, види: Mikulčić, 1966, 35 (доселување на Линкестите); Idem, 1999, 39-49 (Хераклеја); Papazoglou, 1988, 259-68. Хасопулос прагматично ја гледа како македонска колонија, значи како ентитет одвоен од заедницата на Линкестите. Види: Hatzopoulos, 1996, 208; Gounaropoulou, Hatzopoulos, 1985, 17-9.

[4] *Stephani Byzantii Ethnica, Vol. II: Δ-I*, 220-1, 223 (nº 20); Papazoglou, 1988, 259-60; *An Inventory of Archaic and Classical Poleis*, 796. Основањето, пак, на Филипопол од страна на Филип II е сосема соодветно претставено кај Стефан Бисантски: *Stephani Byzantii Ethnica, Vol. V: Φ-Ω*, 38-9.

[5] Татко му Филип управувал со источна македонска *αρχέ*. Види: *LexAM*, s. v. “Perdikkas II“ (402, S. Müller). и s. v. “Pretenders” (437, S. Müller).

[6] Митрев, 2022, 36-56; *I.Amphaxitis* A’, 2023, 188-90; *An Inventory of Archaic and Classical Poleis*, 817-8. Се разбира, можно е и другите две македонски Хераклеи да биле основани пред Филип II. Како и да е, добро би било сите три да ги именуваме на ист начин (Линкестика, Мигдоника, Синтика).

[7] *Stephani Byzantii Ethnica, Vol. IV: Π-Y*, 184-5.

[8] *Demosthenis Orationes*, 61 (4.48). За Аргеадите и почитувањето на нивниот митски предок Херакле, види: *LexAM*, s. v. “Argeads, terminology (Argeadai, Heraklidai, Temenidai)” [100-2, J. Heinrichs] и “Deities” (189-92, E. Koulakiotis). Проф. Микулчиќ, со оглед на најстарите археолошки наоди, сепак сметал дека Хераклеја била основана дури во времето на Филип V. Види: Микулчиќ, 1999, 39-40; Idem, 2007, 30/31-34/35. Интересна е неговата забелешка дека Хераклеја воопшто не била спомната од Тит Ливиј во описот на римскиот поход во 199 г. ст. е., но можно е римската војска едноставно воопшто да не се доближила до неа, за разлика од Стубера и Пелагонија. Иако Клавдиј Птолемај ја дава Хераклеја како единствен град во Линкестида, театарот кај Црнобуки веројатно доловува посложена состојба. Види: *Klaudios Ptolemaios Handbuch der Geographie*, 171.

[9] *LexAM*, s. v. “Illyria” (273-5, I. Xydopoulos).

[10] Микулчиќ, 2007, 20/21-22/23. Градот остава впечаток на северозападен агол на цивилизираниот свет во античко време. Посеверните македонски градови, како оние во Дериоп, веројатно биле основани подоцна и секогаш биле понебезбедни.

[11] Во поново време, сè до исушувањето на мочуриштето Блато (завршено во 1963), здравствените ризици од живеењето во Битола биле големи. Општо за блатото, види: Тодоровски, 2002, 47-51. За сведоштва од 19. век, види: Spenser, 1851, 47, 49-50; Матковски, 1976, 217; Weigand, 1895, 9. Сонародниците на Ф. Папазоглу од епирско-македонска Николица прво избегале во Битола, но не поднесувајќи ја мочурливата клима, по османлиски совет набргу решиле да заминат на север и да го оформат јадрото на подоцнежно Крушево. Види: Hahn, 1868, 181. За скромниот битолски неолит, види: *Археолошка карта*, T. 2, 18 col. 2.

[12] Тевфик, 1933, 207-8, 230.

ботам заради претпоставките раширени во јавноста. Тука развиениот земјопис очигледно не се однесува на локацијата на градот, туку на областа, која навистина се простирала близу реката Еригон, иако сместувањето на Дериоп во поширока област Пајонија е неосновано барем за тоа време, а и емендација „Пелагонија“ би била изнасилена. Затоа логично е новиот македонски град Персеида да се бара недалеку од Стубера, Алкомени и Бријаниј,[13] односно некаде на влезот на Црна Река во висорамнината денеска позната како „Пелагонија“[14]. Позиција далеку на југозапад од рушевините кај Чепигово е сосема неверојатна. Според тоа, Персеида не може да се разгледува во линкестидски контекст.[15]

Доколку тој хидроним не се прочита кај Ливиј во наративот за Втората римско-македонска војна, лемата на Стефан Бисантски за македонскиот град Бева крај реката Бев(ос) не би можела никако да се поврзе со областа Линк.[16] Но веројатно таа е извлечена од Полибиј, кој е главен извор на Ливиј.[17] Овој пренесува дека римскиот консул Публиј Сулпикиј Галба во 199 г. ст. е. подигнал траен логор крај реката Бев и на влезот во (или на границата на) Линк.[18] Латинското “ad Lyncum” може комотно да се изведе од грчко «πρὸς / ἐπὶ / κατὰ Λύγκον»,[19] значи воопшто нема потреба да се претпостави град, како што срамежливо направил колегата Вулиќ, и не бил единствен.[20] Река покрај

[13] Papazoglou, 1988, 292-303; Микулчиќ, 1999, 55-76. Интересно е дека четири вештачки *фили* во Горна Македонија се потврдени само во Хераклеја и во Алкомени. Види: Hatzopoulos, 1996, 103. Би сакал и овде да спомнам дека пред дваесетина години во рушевините на древна Стубера беше пронајден почесен натпис подигнат од Септимиј Местриј Сатурнил за неговиот заслужен татко, македонијархот и панхелен Септимиј Местриј Лик. Воопшто не би било чудно Стубера да била дел од Хадријановиот „Панхелениум“ (па и Хераклеја и други поголеми градови во регионот!), но натписов останува необјавен. Се разбира, можно е целиот македонски народ да бил претставен во таа организација преку главниот град Тесалоника.

[14] Потрагата по древниот град Пелагонија продолжува и не е исклучено дека област соседна и слична на Дериоп била нарекувана со тоа име уште во антиката, како и дека опфаќала три големи населби (триполитида). Ценам дека е засега доволно да се види: Papazoglou, 1988, 276-92. Натписите прибрани во дворот на црквата во с. Прилепец претставуваат сериозни индиции за постоење на голем римски град во месноста Долиште, каде годинава беше откопан и дел од римска бања. Ниту семејството кое своевремено доминирало во целиот лак Хераклеја-Стубера-Пелагонија може да се нарече „Орестии“, ниту натписиве може да потекнуваат од Стубера. Види: Stankovska-Tzamali, 2009, 115-25; Eadem, 2010, 11-20.

[15] Briscoe, 2008, 403; *Titi Livi Ab vrbe condita*, II, 689 (39.53.14-16); Papazoglou, 1988, 304-5.

[16] Сепак, името на реката кај Ливиј е издржана емендација токму според Стефан Бисантски. Ракописите го даваат следниот неред: Bactum *BEVoss*. : Bactim ψ : Baccum *AP*. Види: *Titi Livi Ab vrbe condita*, I, 41 (31.33.6.2); Briscoe, 1973, 139-40. За етимологија на хидронимот, види: Duridanov, 1975, 205. Леринското село Баница беше преименувано во „Веви“ во 1926 г.

[17] Briscoe, 1973, 1-2.

[18] Описот на овој поход кај Ливиј не остава друга можност освен скршнување по долината на реката Шемница откако римската војска минала над обете езера, Охридското и Преспанското, по релативно лесниот пат подоцна развиен во римска магистрала под името „Виа Егнатија“. Идејата за пат јужно од езерата произлегува од Хамонд и за жал сè уште е жива: Morton, 2017.

[19] Езеј претпоставил «περὶ Λύγκον», но идејата е иста. Види: Heuzey, Daumet, 1876, 303.

[20] Du Dézert, 1863, 71, 310-1, 314, 321, 428; Δήμιτσας, 1874, 101-2 фусн. 2; Παππαδάκις, 1913, 430-62 (non vidi); Вулић, 1926, 23; Idem, 1938, 3; Hammond, 1972, 103; Papazoglou, 1988, 258-9. Немам сомнеж дека класичниот филолог Вулиќ го завел археологот Микулчиќ (1999, 38-9, хипотетичка идентификација со Букри, поточно Висок Рид, Егри; 2007, 20/21, 26/27-28/29, допушта и локација кај Лерин), а преку него и Лилчиќ (2009, 56-61, 216, хипотетичка идентификација со Градиште, Црнобуки). Стефан Бисантски навистина извлекува „Линк(ос), град во Епир“ од за жал фрагментарно сочуваната седма книга на Страбон, но очигледно е дека станува збор за забуна, и тоа двојна (семантичка и географска). Еве зошто: «Λύγκος, πόλις Ἠπείρου. Στράβων ἑβδόμῃ. ἐκλήθη ἀπὸ Λυγκέως. τὸ ἐθνικὸν Λυγκησταί. τὸ θηλυκὸν Λυγκηστίς. λέγεται καὶ Λύγκιος ὡς Λύττιος. λέγεται καὶ Λυγκεύς». Види: *Stephani Byzantii Ethnica, Vol. III: K-O*, 230-1 (420.3-5). Граматичарот се дезориентирал, па не знаел ни што е ни каде е. Еве го и единственото запазено место од седмата книга на Страбон каде се спомнува Линк(ос): «καὶ δὴ καὶ τὰ περὶ Λύγκον καὶ Πελαγονίαν καὶ Ὀρεστιάδα καὶ Ἐλίμειαν τὴν ἄνω Μακεδονίαν ἐκάλουν, οἱ δ’ ὕστερον καὶ ἐλευθέραν». Сепак, тука «Λύγκον» претставува само емендација врз основа на Стефан Бисантски, а друга е «Λυγκηστίν». Ракописите даваат само «λύγκιστον» (C) или «λυγκιστόν» (Bv), па можело да се предложи и «λυγκηστῶν». Види: *Strabons Geographika*, II, 334 (7.7.8.30); *Strabons Geographika*, VI, 326 (беден коментар). Јасно е дека се мисли на регион заради низата на горномакедонски области, како и заради бројните други места каде се спомнува (наративни и епиграфски извори). Не е исклучено дека географската забуна настанала под влијание на планините „Линкон“ (меѓу Епир, Македонија и Тесалија) кај Ливиј (32.13.3), односно Полибиј. Види: *Titi Livi Ab vrbe condita*, I, 81-2; Briscoe, 1973, 189-90 (со библиографија). Тешко е да се допушти епирски град Линк како центар на некои Прото-Линкести, значи пред да се населат во Линкестида.

друга река не доаѓа предвид, а доминантен планински масив нема. Ако не станува збор за фаталното мочуриште („карши блатото“?), тогаш Линк едноставно мора да е областа во која Галба навлегол. Консулот не би поставил траен логор во близина на голем македонски, значи непријателски град, што остава можност за постоење на мал град Бева во тој предел.[21] Би додал дека е многу тешко да се замисли Хераклеја во, кон, крај или наспроти Линк ако првобитен град Линк, никаде непосведочен, се наоѓал на влезот на реката Шемница во висорамнината кај село Црнобуки.[22] Таа позиција е сосема блиску до претпоставената граница меѓу Линкестида, која се протега далеку на југ, и Дериоп, соседната област на север. Античките Горномакедонци сигурно стигнале таму подоцна одошто кај Хераклеја, но не знам дали положбава била санитарно оправдана во антиката. Сепак, се чини дека тие би го утврдиле овој потег пред Римјаните, за кои исто така бил клучен по конечното заземање и мора да се допушти дека организирале или развиле населба кај денешно Црнобуки според своите потреби.[23]

Не е исклучено дека во римско време во рамките на Линкестида се оформила и голема населба на племето Антани наречена „Антанија“.[24] На несреќно изгубена стела од Хераклеја бил објавен едикт, веројатно од римскиот цар Хадријан, со кој на Антаните во Македонија им било наложено да платат една третина од трошоците за одржување на патиштата, а поголемиот дел од две третини се претпоставува дека требало да го покријат Линкестите.[25] Соодносот 1:2 веројатно нешто кажува за популациската структура на Линк во времето на Антонините. Можеби станува збор за преселници од епирското племе Атинтани,[26] населени во Линкестида по опустошувањето на Молосија и околината од страна на Лукиј Ајмилиј Паул во 167 г. ст. е. Голем дел би биле пренесени по море на италска почва за пополнување на недостатокот од работна сила таму, а некои можеби останале во Епир, значи пак во провинцијата Македонија.[27] Епиграфското сведоштво откриено во Поцуоли близу Неапол, каде некои Антани се претставени како „први во Македонија“, укажува на врски со Италија и не ја исклучува можноста меѓу наводно сто и педесетте илјади поробени Епирци да имало и многу Атинтани.[28] Град со сомнително име се наоѓа во *Синекдемот* на Хиерокле, административен (не црковен!) список на градови во Римското Царство од 6. век, како и во делото *De Thematibus* од императорот Константин Порфирогенит, но можеби само како одек од едно минато време.[29] Според досегашните наоди, на локалите-

Да заокружам, идејата дека постоел првобитен град на горномакедонското племе Линкести со име „Линк(ос)“ не е нова, како ни хипотезата дека Хераклеја била подигната на неговите темели и дека токму затоа бил вклучен во нејзиното име, со цел поблиско определување, односно разликување од други Хераклеи. За „Хераклеја Пелагонија“, види: Папазоглу, 1954. За веројатно поетската македонска „Линкаја“, види: Katičić, 1962, 132; *Hesychii Alexandrini Lexicon*, IIb, 768 (1331).

[21] Но консулот очигледно не се плашел да го собира житото од Пелагонија (област или сепак град?) на позиција кај Стубера (31.39.4). Дали можеби тука се крие причината за прогласувањето на Пелагонија за центар на Четвртата мерида?

[22] За локалитетот Градиште, село Црнобуки, види: Mikulčić, 1966, 81; Idem, 1999, 77-8 (хипотетичка идентификација со Персеида); Лилчиќ, 2009, 56-61. Воопшто не е неверојатно дека кај Црнобуки постоела некаква населба на Линкестите уште во раната антика.

[23] Надгробниот натпис најден во Црнобуки може да е ран и со карактеристичен атички релјеф. Види: *IG* X 2, 2, 2.

[24] Микулчиќ, 1999, 331-2 (хипотетичка идентификација со манастир Чебрен, с. Зовик); Idem, 2007, 36/37; Тодоровски, 2007, 15, 74, 76, 102-3, 269. Во 2020 година игуменот на Бигорскиот манастир беше ракоположен како „епископ антаниски“..

[25] González, 1982, 101-6; Halfmann, 1986, 203; Oliver, 1989, 147-50; Zahrnt, 1996, 231; Birley, 2013, 189.

[26] Jaupaj, 2019, 16-8, 20, 22, 81-5, 90, 92, 290-3; Hatzopoulos, 1993, 183-90.

[27] Vanderspoel, 2010, 258-9; Wickham, 2014, 164-6.

[28] Camodeca, 2018, 203-17, 337; Σβέρκος, 2000, 38-9, 41-3. Натписот е во секој случај од време кога добар дел од Епир бил во рамките на огромната римска провинција Македонија, а Антаните надвор од Македонија можеби трајно престојувале на Апенинскиот Полуостров. Сепак не ја исклучувам можноста дека постоело некое неепирско племе Антани, иако такво дефинитивно не е забележано во наративните извори. Натписот „демони Антани“ од Стоби (*IG* X 2, 2, 621) може да се објасни на различни начини. Морам да допуштам и дека италскиот род Каелидии, посведочен во околината на Скупи, во Стоби и во Хераклеја, бил некако поврзан со хипотетичко пајонско племе Антани (*IMS* VI, 62 и 97; *IG* X 2, 2, 53 и 101).

[29] *Le Synekdèmos de Hiéroklès*, 1-10, 14; Jones, 1971, 514-21; Porfirogenito, 1952, 88. Можеби „Анта(г)нија“ е само коруптела на првобитна „Антигонеја“ (среден тек на Вардар). Види: Ликарски, 2019, 19-20, 76sq., 95sq. За „Геминдос“ не се знае ништо. Во многу свежа публикација е изнесена нова претпоставка за „Антанија“: Лилчиќ-Адамс, Јакимовски, 2025, 48. На делумно сочуван и тешко читлив манумисиски натпис од Вашарејца (*IG* X 2, 2, 35), одамна пренесен во Битола и подоцна изгубен, се препознаваа „Антани“, но поверојатна реконструкција е „Антанорос“ (ќерка на Антанор).

тот Градиште, Црнобуки имало нешто и во доцноцарскиот период.[30]

Топонимот „Барнунт“ кај Страбон вообичаено се смета за старо име на планината Баба (Суа Гора). Но кај Полиајн е забележана стратегема на Филип II каде негови непријатели се жителите на населбата Сарнунт. Не е исклучено дека се наоѓала некаде во Линк или поширокиот регион на Горна Македонија, а можеби и бригиската населба Кидри.[31]

Тука не се важни, но сепак не треба да се одминат античките населби во јужниот дел на Линкестида, денеска на територија на Република Грција. Од итинерарите е познат само Мелитон,[32] но на терен се откриени рушевини на повеќе населби. Најголема од нив е онаа од хеленистичко време над Лерин (Св. Пантелејмон), ископувана од брачниот пар Акаматис.[33]

Одговорот на прашањето поставено во насловот очигледно го оставам на археолозите, кои можат да откријат и некоја во изворите воопшто неспомната населба. Пронајденото големо депо со римски сребрени монети и коскената влезница за театар (тесера) ветуваат многу.[34] Градиште, с. Црнобуки заслужува поголемо внимание од меѓународната стручна јавност, но не само од неа. Со соодветна организација и валоризација, овој локалитет може да биде археолошка сензација на тековната и на наредната деценија. И да, Евридика, мајката на Филип и баба на Александар, била Линкеста барем по мајка.[35]

[30] Проф. Микулчиќ претпоставил збег. Види: Микулчиќ, 1999, 406; Тодоровски, 2007, 25, 72, 124, 215, 229; Лилчиќ, 2009, 61.

[31] Papazoglou, 1988, 272-3. Населбите посведочени со имиња „Никаја“, „Брукида“ (Бригијада?) и „Скиртијана“ сигурно биле во длабока позадина, па нема причина да бидат обработени тука. Види: Ibidem, 268-72. Не треба да се занемари можноста Страбон да ги подредил областите низ кои течеле десните притоки на Еригон од југ кон север (општо од илирските планини, па Линкести – Бриги – Девриопјани – Пелагонци). Види: *Strabons Geographika*, II, 334, 336.

[32] *Itineraria Romana*, 100 (Itinerarium Burdigalense 606, 8).

[33] Еве некои постари, но корисни публикации: Τρανταλίδου, 1985; Ακαμάτη-Λιλιμπάκη, Ακαμάτης, 2006; Αδάμ-Βελένη, 2000. Во село Раково (Кратеро) одамна бил пронајден натпис на кој се препознавал слуга на советот (булé) во Хераклеја Линкестидска со име Микон (*EAM* 173, *EAM* 173 Suppl.).

[34] Му благодарам на археологот Енгин Насух од НУ Завод и Музеј – Битола за информациите. Аголот од грчки натпис сè уште не е издаден, а надгробниот латински што го видов пред петнаесетина години во с. Црнобуки бил изгубен. Грчки натпис на обод од питос ќе бил објавен наскоро.

[35] Carney, 2019, 24.

КРАТЕНКИ

BAGRW = Barrington Atlas of the Greek and Roman World, Edited by Richard J.A. Talbert, Princeton, 2000;

BNP = Brill's New Pauly: Encyclopaedia of the Ancient World, Edited by Hubert Cancik and Helmuth Schneider, English Edition Managing Editor: Christine F. Salazar, 16 volumes, Leiden, Boston, 2002-2010;

DNP = Der Neue Pauly: Enzyklopädie der Antike, herausgegeben von Hubert Cancik und Helmuth Schneider, 16 Bände, Stuttgart, Weimar, 1996-2003;

DNP Suppl. 3 = Historischer Atlas der antiken Welt, Der Neue Pauly, Supplemente Band 3, Eds. Anne-Maria Wittke, Eckart Olshausen und Richard Szydlak, Stuttgart, Weimar, 2012;

EAM = Επιγραφές Άνω Μακεδονίας: Ελίμεια, Εορδαία, Νότια Λυγκηστίς, Ορεστίς, Τόμος Α': Κατάλογος επιγραφών, Επιμ. Θ. Ριζάκης, Γ. Τουράτσογλου, Αθήνα, 1985;

EAM Suppl. = A Supplement to Ἐπιγραφὲς Ἄνω Μακεδονίας, Eds. E. Martín González, P. Paschidis, Digital publications 02, Athens, 2020;

I.Amphaxitis A' = *Επιγραφές Αμφαξίτιδας (μεταξύ του Αξιού ποταμού και της ορεογραμμής Βερτίσκου - Κερδυλλίων) Α', Επιγραφές Κρηστωνίας, Μυγδονίας, Ανθεμούντα*, Επιμ. Π. Πασχίδης, E. Martín González, Γ. Αθανασιάδης, Ι. Γραικός, Αθήνα, 2023;

IG X 2, 2 = *Inscriptiones Graecae Epiri, Macedoniae, Thraciae, Scythiae, Pars II: Inscriptiones Macedoniae, Fasc. 2: Inscriptiones Macedoniae septentrionalis, Sectio 1: Inscriptiones Lyncestidis, Heracleae, Pelagoniae, Derriopi, Lychnidi*, Edid. Fanula Papazoglu, Milena Milin, Marijana Ricl, adiuvante Klaus Hallof, Berlin, 1999; *Sectio 2: Inscriptiones in vallibus fluviorum Axii, Astibi, Strumicae inventae*, Edid. Slavica Babamova, Berlin, 2023;

ILJug. I, II, III = Inscriptiones latinae quae in Iugoslavia inter annos MCMXL et MCMLX repertae et editae sunt, Ed. Anna et Jaro Šašel, Situla: Razprave Narodnega Muzeja v Ljubljani 5, Ljubljana, 1963; *Inscriptiones latinae quae in Iugoslavia inter annos MCMLX et MCMLXX repertae et editae sunt*, Ed. Anna et Jaro Šašel, Situla: Razprave Narodnega Muzeja v Ljubljani 19, Ljubljana, 1978; *Inscriptiones latinae quae in Iugoslavia inter annos MCMII et MCMXL repertae et editae sunt*, Ed. Anna et Jaro Šašel, Situla: Razprave Narodnega Muzeja v Ljubljani 25, Ljubljana, 1986;

IMS VI = *Inscriptions de la Mésie supérieure, Vol. VI: Scupi et la région de Kumanovo*, Ed. Borka Dragojević-Josifovska, Belgrade, 1982;

KlP = Der Kleine Pauly, Lexikon der Antike (in 5 Bänden) auf der Grundlage von Paulys Realencyclopädie der classischen Altertumswissenschaft unter Mitwirkung zahlreicher Fachgelehrter bearbeitet und herausgegeben von Konrat Ziegler und Walther Sontheimer, München, 1964-1975;

LexAM = Lexicon of Argead Makedonia, Edited by Waldemar Heckel, Johannes Heinrichs, Sabine Müller and Frances Pownall, with the collaboration of Michelle Simon, Berlin, 2020;

RE = Paulys Real-Encyclopädie der classischen Altertumswissenschaft, Neue Bearbeitung, begonnen von Georg Wissowa, fortgeführt von Wilhelm Groll und Karl Mittelhaus, Stuttgart, 1894-1963 (1. Reihe I-XXIV), 1914-1972 (2. Reihe I-X) und 1903-1978 (XV Supplementbände); Register von Hans Gärtner und Albert Wünsch, München, 1980;

TIR K 34 = Tabula Imperii Romani: Naissus, Dyrrhachion, Scupi, Serdica, Thessalonike, d'après la Carte internationale du monde au 1:1.000.000, K 34 Sofia, Ed. Georgi Alexandrov, Jaroslav Šašel, Ljubljana, 1976.

БИБЛИОГРАФИЈА

An Inventory of Archaic and Classical Poleis: An Investigation Conducted by The Copenhagen Polis Centre for the Danish National Research Foundation, Ed. Mogens Herman Hansen and Thomas Heine Nielsen, Oxford, 2004;

Birley, A., *Hadrian, the Restless Emperor*, London, New York, 2013;

Briscoe, J., *A Commentary on Livy, Books 31-33*, Oxford, 1973;

Briscoe, J., *A Commentary on Livy, Books 38-40*, Oxford, 2008;

C. Plini Secvndi Natvralis Historiae Libri XXXVII, Post Lvdovici Iani obitvm recognovit et scriptvrae discrepantia adiecta edidit Carolvs Mayhoff, Vol. I, Libri I–VI, Editio stereotypa editionis prioris (MCMVI), Stvtgardiae et Lipsiae, 1996;

Camodeca, G., *Puteoli Romana: istituzioni e società (saggi)*, Napoli, 2018;

Carney, E. Donnelly, *Eurydice and the Birth of Macedonian Power*, Oxford, New York, 2019;

Demosthenis Orationes, Edidit Carolvs Fvhr, Editio maior, Volvmen I, Pars I–III, orationes I–XIX continens, Editio stereotypa editionis primae (MCMXIV), Stvtgardiae et Lipsiae, 1994;

Desdevises Du Dézert, Th.-A., *Géographie ancienne de la Macédoine*, Paris, 1863;

Diodori Bibliotheca Historica, Vol. IV, Post I. Bekker et L. Dindorf recognovit C. Th. Fischer, Editio stereotypa editionis tertiae (1906), Stvtgardiae, 1985;

Duridanov, I., *Die Hydronymie des Vardarsystems als Geschichtsquelle*, Slawistische Forschungen, Bd. 17, Köln, Wien, 1975;

González, F. M., *La documentación griega de la cancillería del emperador Adriano*, Colección Mundo Antiguo, Nueva serie 5, Pamplona, 1982;

Gounaropoulou, L., Hatzopoulos, M. B., *Les milliaires de la Voie Egnatienne entre Héraclée des Lyncestes et Thessalonique*, Μελετήματα 1, Athènes, 1985;

Grbić, M., *Ausgrabungen in Heraclea Lyncestis bei Bitolj in Südserbien*, Bericht über den VI. Internationalen Kongress für Archäologie, Berlin 21.-26. August 1939, Berlin, 1940, 180-181;

Hahn, J. G. v., *Reise von Belgrad nach Salonik, nebst vier Abhandlungen zur alten Geschichte des Morawagebietes*, 2. ed, Wien, 1868;

Halfmann, H., *Itinera principum: Geschichte und Typologie der Kaiserreisen im Römischen Reich*, Heidelberger althistorische Beiträge und epigraphische Studien, Band 2, Hsgb. Géza Alföldy, Stuttgart, 1986;

Hammond, N. G. L., *A History of Macedonia, Volume I: Historical Geography and Prehistory*, Oxford, 1972;

Hatzopoulos, M. B., *Le problème des Atintanes*, L'Illyrie méridionale et l'Épire dans l'Antiquité II, Actes du IIe colloque international (Clermont-Ferrand 25-27 octobre 1990), Ed. P. Cabanes, Paris, 1993, 183-190 ;

Hatzopoulos, M. B., *Macedonian Institutions Under the Kings, Vol. I: A Historical and Epigraphic Study*, Μελετήματα 22, Athens, 1996;

Hesychii Alexandrini Lexicon, Volumen IIb: K–O, Recensuit et emendavit Kurt Latte, Editionem alteram curavit Ian C. Cunningham, Sammlung griechischer und lateinischer Grammatiker (SGLG), Herausgegeben von Klaus Alpers und Ian C. Cunningham, Band 11/2b, Berlin, Boston, 2020;

Heuzey, L., Daumet, H., *Mission archéologique de Macédoine*, Texte, Paris, 1876;

Itineraria Romana, Vol.1: Itineraria Antonini Augusti et Burdigalense, Ed. Otto Cuntz, Accedit tabula geographica, Editio stereotypa editionis primae (MCMXXIX), Conspectum librorum recentiorum adiecit Gerhard Wirth, Stutgardiae, 1990;

Jaupaj, L., *Etudes des interactions culturelles en aire Illyro-épirote du VII au III siècle av. J.-C., Archéologie et Préhistoire*, Université de Lyon, Instituti i arkeologjisë (Tirana), 2019 [2020] (NNT : 2019LYSE2082. tel-02493973);

Jones, A. H. M., *The Cities of the Eastern Roman Provinces*, 2nd ed., Oxford, 1971;

Katičić, R., *Lynkos und die Lynkesten*, Beiträge zur Namenforschung, 13, 1962, 126-143;

Klaudios Ptolemaios Handbuch der Geographie, Ergänzungsband mit einer Edition des Kanons bedeutender Städte, Herausgegeben von Alfred Stückelberger und Florian Mittenhuber, Basel, 2009;

Le Synekdèmos de Hiéroklès et l'opuscule géographique de Georges de Chypre, Corpus Bruxellense Historiae Byzantinae, Forma Imperii Byzantini – Fasciculus I, Texte, introduction, commentaire et carte par Ernest Honigmann, Préface de Franz Cumont, Bruxelles, 1939;

Mikulčić, I., *Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza: od egejske seobe do Avgusta*, Skopje, 1966;

Morton, J. N., *Shifting Landscapes, Policies, And Morals: A Topographically Driven Analysis Of The Roman Wars In Greece From 200 Bc To 168 Bc*, Doctoral dissertation, University of Pennsylvania, 2017 (https://repository.upenn.edu/edissertations/2484, последен пристап: 29.07.2025);

Oliver, J. H., *Greek Constitutions of Early Roman Emperors from Inscriptions and Papyri*, Philadelphia, 1989;

Papazoglou, F., *Les villes de Macédoine à l'époque romaine*, Bulletin de correspondance hellénique, Supplément XVI, Athènes, 1988;

Porfirogenito, C., *De Thematibus*, Introduzione, testo critico, commento: A. Pertusi, Studi e testi 160, Citta' del Vaticano, 1952;

Spenser, E., *Travels in European Turkey, in 1850*, Vol. II, London, 1851;

Stankovska-Tzamali, M., *La famille des Orestii de Stuberra. Un exemple de la romanisation en Macédoine*, Écrire le nom : les noms de personnes dans l'histoire et dans les lieux. Actes du 134e Congrès national des sociétés historiques et scientifiques, « Célèbres ou obscurs : hommes et femmes dans leurs territoires et leur histoire », Bordeaux, 2009, Paris, 2010, 11-20;

Stankovska-Tzamali, M., *Trois nouvelles inscriptions honorifiques de la Macé-doine*

septentrionale (Stuberra). Notes prosopographiques, Revue des Études An-ciennes, 111/1, 2009, 115-125;

Stephani Byzantii Ethnica, Vol. II: Δ-I, Rec. Margarethe Billerbeck et Christian Zubler, Corpus fontium historiae byzantinae, Vol. XLIII/2, Ed. Athanasios Kambylis, Berolini et Novi Eboraci, 2011;

Stephani Byzantii Ethnica, Vol. III: K-O, Rec. Margarethe Billerbeck, Corpus fontium historiae byzantinae, Vol. XLIII/3, Ed. Athanasios Kambylis, Berolini et Bostoniae, 2014;

Stephani Byzantii Ethnica, Vol. IV: Π-Y, Rec. Margarethe Billerbeck et Arlette Neumann-Hartmann, Corpus fontium historiae byzantinae, Vol. XLIII/4, Ed. Athanasios Kambylis, Berolini et Bostoniae, 2016;

Stephani Byzantii Ethnica, Vol. V: Φ-Ω, Indices, Rec. Margarethe Billerbeck et Arlette Neumann-Hartmann, Corpus fontium historiae byzantinae, Vol. XLIII/5, Ed. Athanasios Kambylis, Berolini et Bostoniae, 2017;

Strabons Geographika, Mit Übersetzung und Kommentar herausgegeben von Stefan Radt, Band 2: Buch V-VIII: Text und Übersetzung, Göttingen, 2003;

Strabons Geographika, Mit Übersetzung und Kommentar herausgegeben von Stefan Radt, Band 6: Buch V-VIII: Kommentar, Göttingen, 2007;

Thvcydidis Historiae, Rec. Ioannes Baptista Alberti, Volvmen II: Libri III-V, Scriptores Graeci et Latini Consilio Academiae Lynceorum Editi, Romae, 1992;

Titi Livi Ab vrbe condita, Ed. John Briscoe, Tomvs I: libri XXXI-XXXV, Stvtgardiae, 1991;

Titi Livi Ab vrbe condita, Ed. John Briscoe, Tomvs II: libri XXXVI-XL, Stvtgardiae, 1991;

Vanderspoel, J., *Provincia Macedonia*, A Companion to Ancient Macedonia, Ed. Joseph Roisman and Ian Worthington, Malden, Oxford, 2010, 251-275;

Vulić, N., *Archaeologische Karte von Jugoslavien: Blatt Prilep-Bitolj*, Beograd, 1937;

Weigand, G., *Die Aromunen: ethnographisch-philologisch-historische Untersuchungen über das Volk der sogenannten Makedo-Romanen oder Zinzaren*, Erster Band, Leipzig, 1895;

Wickham, J. P., *The Enslavement of War Captives by the Romans to 146 BC*, doctoral dissertation, University of Liverpool, 2014;

Zahrnt, M., *Hadrians Wirken in Makedonien*, Επιγραφές της Μακεδονίας, Γ΄ Διεθνές Συμπόσιο για τη Μακεδονία, 8-12 Δεκεμβρίου 1993, Ed. E. Voutiras, Thessaloniki, 1996, 229-239;

Αδάμ-Βελένη, Π., *Πέτρες Φλώρινας: Περιήγηση σε μια ελληνιστική πόλη / Petres of Florina: A walk around to a Hellenistic city*, 2. ed., Θεσσαλονίκη, 2000;

Ακαμάτη-Λιλιμπάκη, Μ., Ακαμάτης, Ι. Μ., *Η Ελληνιστική πόλη της Φλώρινας / The Hellenistic City of Florina*, Θεσσαλονίκη, 2006;

Δήμιτσας, Μ. Γ., *Μακεδονικά: Ἀρχαία γεωγραφία τῆς Μακεδονίας συνταχθεῖσα κατὰ τὰς ἀρχαίας πηγὰς καὶ τὰ νεώτερα βοηθήματα, Μέρος δεύτερον: Τοπογραφία*, Ἀθήνησι, 1874;

Παππαδάκις, Ν., *Ἐκ τῆς Ἄνω Μακεδονίας*, Ἀθηνᾶ, 25, 1913, 430-462;

Σβέρκος, Η. Κ., *Συμβολή στην ιστορία της Άνω Μακεδονίας των Ρωμαϊκών χρόνων (πολιτική οργάνωση - κοινωνία - ανθρωπωνυμία)*, διατριβὴ ἐπὶ διδακτορίᾳ, Θεσσαλονίκη, 2000;

Τρανταλίδου, Κ., *Αρχαιολογική τοπογραφία του Νομού Φλώρινας (συνοπτική επισκόπηση)*, Φλώρινα, 1985;

Археолошка карта на Република Македонија, Т. 2, Скопје, 1996;

Вулић, Н., *Географија Јужне Србије у античко доба,* Гласник Скопског Научног Друштва, књига XIX, 11, 1938, 1-15;

Вулић, Н., *Ратовање македонског краља Филипа V с Римљанима г. 199 пре Хр. код Битоља, Прилепа итд.*, Глас Српске Краљевске Академије, CXXI/66, 1926, 21-38;

Грбић, М., *Откопавања у Хераклеји Линкестис код Битоља*, Уметнички преглед, 8, 1939, 231-235;

Илиевски, А., *За дејноста на Народниот универзитет во Битола меѓу двете светски војни*, Историја, 21/2, 1985, 325-345;

Ликарски, А., *Археолошки локалитети на територијата на Неготино*, магистерска работа, Скопје, 2019;

Лилчиќ, В., *Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија, Том 1: Линкестида и Деврион*, Скопје, 2009;

Лилчиќ-Адамс, В., Јакимовски, А., *Убикација на античкиот град Пелагонија (главен град на Кралството Пелагонија и центар на Четвртата македонска мерида)*, Скопје, 2025 (електронско издание, https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/32582, последен пристап: 21.06.2025);

Лисичар, П., *Нашата македонска антика*, Современост, IV/7-8, 1954, 583-621;

Матковски, А., *Опис на Македонија (1865) според рускиот патописец Е. Тимаев*, Историја, 12/1-2, 1976, 213-221;

Микулчиќ, И. / Mikulčić, I., *Хераклеја Линкестис: антички град во Македонија / Heraclea Lyncestis: Ancient City in Macedonia*, Скопје, 2007;

Микулчиќ, И., *Антички градови во Македонија*, Макропроект „Историја на културата на Македонија“, Книга 8, Скопје, 1999;

Митрев, Г., *Филип II, Филип V или някой друг – кой създаде Хераклея Синтика?*, Ползата от историята от Античността до наши дни: Сборник с доклади от Международната научна конференция „Ползата от историята (от Античността до наши дни)“, посветена на 300-годишнината от рождението на Паисий Хилендарски и 260-годишнината от написването на „История Славянобългарска, Том I: Античност и Средновековие, Пловдив, 2022, 36-56;

Папазоглу, Ф., *Хераклеја и Пелагонија*, Živa Antika, 4/2, 1954, 308-345;

Папазоглу, Ф., *Héraclée des Lyncestes à la lumière des textes littéraires et épigraphiques / Хераклеја Линкестидска во светлината на книжевните и епиграфските текстови*, Héraclée / Хераклеја I, Битола, 1961, 7-33;

Тевфик, М., *Кратка историја Битољског вилајета*, прев. Глиша Елезовић, Браство, XXVII, 1933, 190-244;

Тодоровски, С., *Археолошки наоди од Среден век во ареалот на Битола*, Скопје, 2002;

Тодоровски, С., *Пелагониската регија во Доцната антика*, докторска дисертација, Скопје, 2007.

Јовица ГРОЗДАНОВСКИ

КОЈА АНТИЧКА НАСЕЛБА СЕ РАЗОТКРИВА НА ГРАДИШТЕ, ЦРНОБУКИ?

Резиме

Научната, па и пошироката јавност нестрпливо очекува да се открие некој епиграфски споменик со името на населбата што се ископува на локалитетот Градиште, Црнобуки. Во меѓувреме се можни само претпоставки, но тие треба да имаат некоја основа во изворите. Се чини дека Хераклеја Линкестидска била првиот град во регионот, можеби подигнат во времето на Филип II. Персеида сигурно се наоѓала во областа Дериоп, а градот Бева на реката Бев (Шемница?) може да бил кај денешно Црнобуки. Малку е веројатно дека постоел град со името „Линк“, кое редовно се користи за горномакедонската област позната и како „Линкестида“. Можно е некаде во оваа област да бил оформен и град на племето Антани (Антанија?). Не е исклучено ни дека во регионот се наоѓале и илирската населба Сарнунт и бригиската Кидри. Изворите се оскудни, па археолозите можат да нѐ изненадат.

Jovica GROZDANOVSKI

WHICH ANCIENT SETTLEMENT IS BEING UNCOVERED AT GRADIŠTE, CRNOBUKI?

Summary

The scientific and even the general public is eagerly awaiting the discovery of an epigraphic monument bearing the name of the settlement that is being excavated at the site of Gradište, Crnobuki. In the meantime, only conjectures are possible, but they should have some basis in the sources. Heraclea of Lyncestis seems to have been the first city in the region, possibly founded during the reign of Philip II. Perseis certainly belonged to the region of Derriopos, but the town of Beue on the river Beuos (Šemnica?) may have been located near modern Crnobuki. It is unlikely that there was a town with the name “Lyncus”, which is regularly used to designate the Upper-Macedonian region also known as “Lyncestis”. It is possible that there was also a town of the tribe of the Antani (Antania?) somewhere in this area. It is not excluded that the Illyrian settlement of Sarnous and the Brygian settlement of Kydrai too were located somewhere in the region. Sources are scarce, so archaeologists may surprise us.